Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

УП1 бр. 14-734
25-06-2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Lean менаџмент, Lean management и Виртуелно производно инженерство, Virtual manufacturing engineering на англиски јазик на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Lean менаџмент, Lean management и Виртуелно производно инженерство, Virtual manufacturing engineering на англиски јазик на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се обрати со барање бр. 08-640/3 од 13.05.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-5457/1 од 13.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на Lean менаџмент, Lean management и Виртуелно производно инженерство, Virtual manufacturing engineering на англиски јазик на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопјена Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, акредитирани со Решенија за акредитација бр. 1409-159/3 и бр. 1409-160/3 од 15.04.2019 година, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение бр. 14-5457/2 од 07.05.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 27.05.2019 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 14-5457/3 од 28.05.2019 година, каде е наведено дека Lean менаџмент, Lean management и Виртуелно производно инженерство, Virtual manufacturing engineering на англиски јазик на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 25-06-2019 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Прилог: | Орг.Един. | Број: | Вредност |
| | 08 | 642/19 | |

**МИНИСТЕР / MINISTËR**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено и до:
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: d-r Agim Rushiti